„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 2 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Ангелина Бановиќ-Марковска / Angelina Banović-Markovska

ВРЕМЕНСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВИСТИНАТА КАЈ ДОСТОЕВСКИ И БУЛГАКОВ /

THE TEMPORAL DIMENSION OF TRUTH IN DOSTOEVSKY AND BULGAKOV 25-52

Историја и филологија / History and Philology

Дарин Ангеловски / Darin Angelovski

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА /

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN 55-67

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Андреј Стојановски / Andrej Stojanovski

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА / PARODY AND HYPERBOLE . 71-92

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Вељко С. Ивановић / Veljko S. Ivanović

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: *РАТНИ ДРУГОВИ* И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ /

THE IDIOT OF STANISLAV VINAVER: *WAR COMRADES* AND MARKS OF RUSSIAN CULTURE 95-129

Јована Караникиќ Јосимовска, Анастасија Ѓурчинова / Jovana Karanikikj Josimovska, Anastasija Gjurčinova

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ:КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА /

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS 131-155

Ivica Baković

MAKEDONSKI KLASICI U HRVATSKOJ: PRIJEVODNA RECEPCIJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI I MAKEDONSKOG KNJIŽEVNOG KANONA U HRVATSKOJ OD 1991. DO 2025. /

MACEDONIAN CLASSICS IN CROATIA: THE TRANSLATIONAL RECEPTION OF MACEDONIAN LITERATURE AND THE MACEDONIAN LITERARY CANON IN CROATIA FROM 1991 TO 2025 157-196

Ivana Latković, Ana Marić

SPISATELJICE U, OKO I ONKRAJ KANONA JUŽNOSLAVENSKIH KNJIŽEVNOSTI /

WOMEN WRITERS WITHIN, AROUND, AND BEYOND THE CANON OF SOUTH SLAVIC LITERATURES 197-225

Снежана Николић / Snežana Nikolić

БАГДАЛА (1954) КАО ЗАЧЕТАК ПОЕТИКЕ ФРАГМЕНТАРНОСТИ И КОЛАЖИРАЊА У СТВАРАЛАШТВУ ДУШАНА МАТИЋА /

BAGDALA (1954) AS THE ORIGIN OF THE POETICS OF FRAGMENTARINESS AND COLLAGE IN THE OEUVRE OF DUŠAN MATIĆ 227-249

Гоце Смилевски / Goce Smilevski

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ? /

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM'S *WESTERN CANON* 251-267

Марко С. Тошовић / Marko S. Tošović

УСМЕНА ПРИЧА И ТИШИНА У РОМАНУ КОД ХИПЕРБОРЕЈАЦА МИЛОША ЦРЊАНСКОГ /

ORAL STORYTELLING AND SILENCE IN THE NOVEL AMONG THE HYPERBOREANS BY MILOŠ CRNJANSKI 269-290

Jakov Milovac

ĐAVOLSKA ZVIJERI, ČUDNO SAZDANA: FOKALIZACIJA I ROD U IGRI S ĐAVOLOVIM REPOM VITOMILA ZUPANA /

DEVILISH BEAST, STRANGELY MADE: FOCALIZATION AND GENDER IN VITOMIL ZUPAN'S GAME WITH THE DEVIL'S TAIL... 291-306

Марија С. Цветићанин / Marija S. Cvetićanin

ОБЛИЦИ СМЕХА У ПРИПОВЕДНОМ СТВАРАЛАШТВУ ЛАЗЕ ЛАЗАРЕВИЋА /

FORMS OF LAUGHTER IN THE NARRATIVE CREATION OF LAZA LAZAREVIĆ 307-322

Matija Ivačić, Ivan Moharić

PANSLAVIZAM JÁNA KOLLÁRA U ODABRANIM DJELIMA HRVATSKIH ILIRSKIH PJESNIKA (ADOPCIJA I TRANSFORMACIJA)

JÁN KOLLÁR'S PAN-SLAVISM IN SELECTED WORKS OF CROATIAN ILLYRIAN POETS (ADOPTION AND TRANSFORMATION) 323-350

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап) /

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS (An Ecological and Semantic Approach) 353-375

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Симона Груевска-Маџоска / Simona Gruevska Madjoska

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ (Семантички и стилистички аспекти) /

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects) 379-400

Рецензии и информации / Reviews and Information

Тамара Бабић / Tamara Babić

О ЈЕДНОЈ ПРЕКООКЕАНСКОЈ ЧЕЖЊИ / ON A TRANSEOCEANIC LONGING 403-406

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

ИЗМЕЂУ ПОЈМА И ТУМАЧЕЊА: VADEMECUM КАО САВРЕМЕНИ ВОДИЧ КРОЗ ИСТОРИЈУ УМЕТНОСТИ /

BETWEEN CONCEPT AND INTERPRETATION: VADEMECUM AS A CONTEMPORARY GUIDE THROUGH ART HISTORY 407-409

Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ /

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CULTURAL-HISTORICAL IDENTITY 411-421

Љубица Д. Нешић / Ljubica D. Nešić

СВЕТИ САВА У ИСТОРИЈИ, ТЕОЛОГИЈИ И УМЕТНОСТИ /

SAINT SAVA IN HISTORY, THEOLOGY, AND ART..... 423-428

Билјана Ристовска-Јосифовска / Biljana Ristovska-Josifovska

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО /

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)..... 429-435

Бојан Чолак / Bojan Čolak

СИНТЕТИЧКИ ХОРИЗОНТИ НУШИЋЕВОГ ДЕЛА: О МОНОГРАФИЈИ *КЊИЖЕВНИ СВИЈЕТ БРАНИСЛАВА НУШИЋА* ГОРАНА МАКСИМОВИЋА /

SYNTHETIC HORIZONS OF NUŠIĆ'S WORK: ON THE MONOGRAPH *THE LITERARY WORLD OF BRANISLAV NUŠIĆ* BY GORAN MAKSIMOVIĆ..... 437-441

UDK: 398.87(=163.3):502.1

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап)

Јасмина Мојсиева-Гушева
Институт за македонска литература
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0002-3513-0708

Клучни зборови: мотивска класификација, социјална екологија, биоцентризам, антропоцентризам, семантички функции, симболички пораки.

Резиме: Во трудот се анализира улогата и значењето на природата во македонските народни балади од еколошки и од семантички аспект, при што се доаѓа до општ заклучок дека природата не е претставена само како сценографија или простор во кој се одвиваат настаните, туку како активен учесник во дејството преку кој се изразуваат човечките чувства, верувања, страдања, надежи и морални вредности.

Преку избрани примери од митолошки, историски и семејно-битови балади се покажува дека сонцето, месечината, водата, земјата, гората, дрвјата, животните и другите природни елементи имаат различни симболички значења. Тие можат да претставуваат: живот, сила, слобода, опасност, плодност, заштита, смрт и повторно раѓање. Посебно се нагласени: симболичката, претскажувачката, психолошката, митолошката и естетската функција на природата во овие балади.

Анализа на баладите од еко-критичка перспектива покажува дека односот меѓу човекот и природата е сложен. Човекот е зависен од природата и нејзините ресурси, но истовремено се обидува да ја контролира и да ја користи. Примерите за метаморфози на луѓето во животни и растенија, за персонификација на сонцето, месечината и гората, како и мотивите на водата, дрвјата и плодовите ја нагласуваат меѓусебната поврзаност на човекот со природниот свет.

Во заклучокот на трудот се укажува дека македонските народни балади не се еколошки текстови во современа научна смисла, но

сепак овозможуваат да се разгледуваат прашањата за човековата зависност од природата, за неговата ограничена моќ и за последиците од нарушувањето на природниот поредок. Исто така се нагласува дека присуството на природата во баладите е важен носител на нивното поетско и симболичко значење и сведочи за традиционалното сфаќање дека човекот е неразделен дел од неа.

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS
(An Ecological And Semantic Approach)

Jasmina Mojsieva-Gusheva
Institute of Macedonian Literature
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0002-3513-0708

Keywords: motif classification, social ecology, biocentrism, anthropocentrism, semantic functions, symbolic messages

Summary: This paper analyses the role and significance of nature in Macedonian folk ballads from an ecological and a semantic perspective. It concludes that nature is not represented merely as scenery or as a space in which events take place, but as an active participant in the action through which human emotions, beliefs, suffering, hopes and moral values are expressed.

This analysis of selected mythological, historical, and family-domestic ballads shows that the sun, the moon, water, earth, mountains, trees, the forest, animals, and other natural elements have various symbolic meanings. They may represent life, strength, freedom, danger, fertility, protection, death, and rebirth. Particular emphasis is placed on the symbolic, prophetic, psychological, mythological, and aesthetic functions of nature in these ballads.

An ecocritical reading of the ballads shows that the relationship between humans and nature is complex. Humans depend on nature and its resources, yet at the same time they try to control and exploit it. Examples of the metamorphosis of people into animals and plants, the personification of the sun, the moon and the forest and the motifs of water, trees, and fruit highlight the interconnectedness of humans and the natural world.

The paper concludes that Macedonian folk ballads are not ecological texts in the modern scholary sense; nevertheless they make it possible to examine questions of human dependence on nature, the limits of human power, and the consequences of disturbing the natural order. It also emphasises that nature is an important carrier of the poetic and symbolic meaning of the ballads and testifies to the traditional understanding that humans are an inseparable part of nature.

1. Вовед

Во македонската народна книжевност природата има исклучително важно место. Таа не е само заднина на настаните, туку жив сведок и учесник во човечките судбини, љубови, страдања и жртви. Тоа особено е видливо во народните балади каде природата е претставена како активен елемент што влијае врз ликовите изразувајќи ја нивната духовна и емоционална состојба. Во текот на својата долга историја македонскиот народ токму преку природата и нејзините составни елементи и појави ги изразувал своите чувства, верувања и животни мудрости, свесен за неразделната поврзаност меѓу него и светот што го опкружува.

Во овој труд, преку избрани примери од македонските балади, ќе се обидеме да одговориме на повеќе конкретни прашања, како на пример: каква улога има природата во народното творештво, како луѓето во минатото ја доживувале својата околина, кои се најчестите елементи од природата споменувани во македонските балади, кои се нивните скриени значења, во кои типови балади се среќаваат?

2. Мотивската класификација на македонските балади

Не е нималку едноставно да се класифицираат народните балади, поради нивната мотивска разновидност. Сепак одредени класификации постојат, како таа на рускиот истражувач В. Е. Гусев (Гусев 1967: 162), кој ги класифицирал во три основни групи: митолошки, историски и социјално-битови. Оваа поделба со извесна модификација на третата група, која ја именувал семејно-битови балади, ја користи и Кирил Пенушлиски (Пенушлиски 1983: 17), во својата книга „Македонските народни

балади“. Истата класификација на Пенушлиски ќе ја користиме и ние за потребите на овој труд, дополнително распределувајќи ги митолошките балади во повеќе групации, кои се однесуваат на: небесните тела, односите меѓу луѓето, односите меѓу луѓето и другите суштества, метаморфозите и задгробниот живот. Примената на посочената систематизација ќе ни послужи да дадеме одговор на поставеното прашање во кои типови на балади се застапени елементи од природата и да ги анализираме нивните значења во контекст на современиот еколошки и семантички пристап кон проблематиката.

3. Митолошки балади

Митолошките балади се меѓу најстарите народни песни, кои потекнуваат од паганските верувања и митови кога луѓето се обидувале да ги објаснат природните појави, животот и светот околу себе преку натприродни суштества и сили. Меѓу најфреквентните митолошки суштества во македонските балади се споменуваат: самовилите, змејовите, наречниците и другите различни духови со натприродна моќ. Немоќни да им се спротивстават и да ги совладаат, древните народи развиле бројни ритуални церемонии проследени со песни и игри преку кои верувале дека можат да ги смилостивиат натприродните сили. Според фолклористот и проучувачот на македонските балади – Кирил Пенушлиски, денешните народни балади „немаат многу заедничко со својот првобитен изглед и со времето кога се развиле врз темелите на една митологија од старословенско, па можеби и постаро индоевропско потекло“ (Пенушлиски 1983: 23). Тие се менувале бидејќи долго време биле пренесувани усно, а на нивните промени влијаеле и историските настани, народните обичаи, локалните традиции и различните пејачи што ги пренесувале вметнувајќи секогаш нови или изоставајќи некои делови од песните. Дури и нивната функција се изменила со текот на времето. Во минатото луѓето ги доживувале како вистинит приказ на светот и дел од своите убедувања и верувања. Но, денес тие имаат претежно културна, историска и уметничка вредност и затоа се изучуваат како дел од богатото народно творештво и од културното наследство.

3.1. Балади со мотив на небесни тела

Од митолошките балади веројатно најстари се оние што се поврзуваат со небесните тела. Тие се и малубројни во споредба со другите од целокупниот корпус на народни балади. Како илустрација за нашата анализа ја наведуваме баладата „Се обложил Дамјан јунак“, која припаѓа на лазарски песни, кои се пееле за да го означат будењето на природата, поврзано со плодноста и со пролетниот циклус. Најважни природни елементи, споменувани во песната се: сонцето, месечината, ридовите и земјата, кои се прикажани како живи сили што го одредуваат животниот ритам на човекот.

Облогот меѓу Лазар и Дамјан се заснова на натпревар со сонцето, што ја покажува човечката желба да се надмине природата. Сонцето е симбол на моќта, времето и природниот поредок. Дамјан е исклучителен јунак, кој јава брз коњ и неговото движење постојано се споредува со движењето на сонцето: „Кога сл’нце, Лазаре, бленуваше, / Тогај Дамјан, Лазаре, јафнуваше. / Кога сл’нце, Лазаре, в среде небо, / Тога Дамјан, Лазаре, с стреде земја. / Кога сл’нце, Лазаре, по ридови, / Тога Дамјан, Лазаре, во дворови“ (Пенушлиски 1968: 31). Овие паралели покажуваат дека човекот живее во согласност со природните циклуси и не може да се одвои од нив. Природата го поставува ритамот, а човекот само се обидува да го следи.

Во баладата е присутна и антропоморфизација на небесните тела. Сонцето и месечината добиваат човечки роднински врски („сл’нцу сестра“, „месецу братучеда“). Со тоа се нагласува дека човекот и природата припаѓаат на ист космички поредок и се поврзани меѓусебно. Во народната традиција оваа поврзаност сведочи за почит кон природата, како рамноправен дел од животот. Ридовите, земјата и дворовите претставуваат простор низ кој се движи јунакот. Тие го поврзуваат природниот и човечкиот свет, покажувајќи дека животот на луѓето е неразделен од природната средина. Погледната од еколошки перспектива баладата испраќа порака дека човекот е дел од природата и нејзините закони. Иако поседува сила и храброст, неговите постапки се условени од природните циклуси. Сонцето и

месечината се претставени како вечни и повисоки сили, а нивната симболична поврзаност со луѓето потсетува дека хармонијата со природата е основа на животот. Баладата затоа ја нагласува потребата од почитување на природниот поредок, а не од негово надминување или нарушување.

3.2. Балади со мотив на односи меѓу луѓето

Во корпусот на митолошките балади спаѓаат и песните во кои се спомнуваат релациите меѓу луѓето, односно нивните меѓусебни однесувања, базирани врз етичките норми. Тоа се песни во кои се сретнува мотивот на магија во форма на клетва, благослов или урок, изведен преку обред, упатен поглед или изговорен збор. Баладата „Млада невеста умрела од уроци“ (запишана во Зборникот на Кузман Шапкарев) претставува класичен пример за тоа како во усната народна традиција се претставени суеверните сфаќања за урокливите очи, кои испраќаат зли сили кон младата невеста.

Читана низ диоптријата на социјалната екологија преку концептот на Мурај Букчин[1], песната ја открива длабока поврзаност меѓу човекот и неговата заедница, односно природната и социјалната средина. Според него: „Сродностите помеѓу природата и општеството се поактивни отколку што сме подготвени да признаеме. Многу специфични форми на природата – многу специфични екосистеми – ја сочинуваат основата за многу специфични форми на општеството“ (Bookchin: 1982:33). Таа поврзаност помеѓу природата и општеството воопшто не е случајна бидејќи и двете имаат „историја што им дава разбирливост и ред на нивните внатрешни односи, како и насоки за нивниот развој“ (Bookchin: 1982:34).

[1] Мурај Букчин (Murray Bookchin) е американски социјален еколог, кој во својата книга „Екологијата на слободата: појавата и распаѓањето на хиерархијата“, развива концепт според кој еколошката криза произлегува и од општествените односи на доминација.

Песната започнува со фалбата на јанинската девојка дека ќе го ожени својот брат со „мома облачина“[2], „ногу од далеку“ (Шапкарев 1976: 69). За таа цел почнале големите подготовки: „наканиле петстотин’ сфатове, / каниле се двуица девери, / каниле са и труица кумове“ (Шапкарев 1976: 69), преку што се објавува формата на вообичаени активности при вакви свечени настани, во кои секој лик има своја хиерархиска функција.

Бидејќи невестата не ги поседува бараните особини („не е облачина“) следи проверката дали вреди вложениот труд околу неа и патот[3] што го изодиле сватовите. Тоа е и најдраматичниот момент во песната, кој се манифестира преку откривањето на превезот на невестата и последиците од тоа откривање. Кумот бара да ја откријат невестата за да се процени нејзината вредност во однос на потрошените ресурси: „Дали чине друми шчо оде’ме? / Дали чине води шчо газе’ме? / Дали чине коњи шчо море’ме?“ (Шапкарев 1976: 69).

Во традиционалната култура, превезот на невестата функционира како заштитна обвивка што ја штити невестата од надворешни штетни влијанија. Наредбата на кумот да се открие невестата на отворено (насред гората) претставува насилно нарушување на нејзината природна заштита. Кога ќе ја откријат, невестата таа стапува во директен контакт со завидливите урокливи очи на сватовите. „Веднаг’ са а сос очи пресекле“ (Шапкарев 1976: 69). Во тој миг погледот на петстотините

[2] За толкувањето на песната битно е да истакнеме дека во неа главните ликови не се обични луѓе, туку се ликови изедначени со небесните тела и природните феномени. Братот е Месечината – „Брата имам јазе месечина“ (Шапкарев 1976: 69), невестата не е Облак – „не ми била мома облачина“ (Шапкарев 1976: 69), туку нејзиното лице и гради се Сонце и Месечина – „лицето ѝ с’нце огреало, / и на гради, јасна месечина!“ (Шапкарев 1976: 69).

[3] Патот на сватовите е опишан како преминување преку девствената недопрена природа: „през три гори през четири води“, „поминале низ гора зелена“ (Шапкарев 1976: 69). Гората и водата во народната традиција се граници меѓу познатиот (заштитениот) и непознатиот (опасниот) екосистем. Сватовите претставуваат надворешна сила што минува низ овој екосистем, а нивниот престој во гората („наседнале малку да починат“) го означува моментот кога човекот го нарушува заштитениот микропростор на невестата.

сватови дејствува како токсичена инвазива сила насочена кон невестата. Во еколошка смисла, невестата (како исклучително чист и чувствителен природен елемент) доживува „енергетски шок“ или негативно зрачење од заедницата, која не може да ја апсорбира нејзината убавина, без да создаде деструктивна завист.

Уроците во народната поезија често претставуваат метафора за негативната енергија, која произлегува од зависта и од социјалниот притисок: „Погледот оптоварен од страстите на душата се здобива со магична моќ што му дава страотна делотворност. Тој е инструмент на внатрешен налог кој може да зеведува, да убива, да магепсува, да скаменува, да погодува како гром“ (Мојсиева-Гушева 2000: 38). Кога младата невеста се изложува на погледите на заедницата (често во ритуален или јавен контекст, како свадба или одење по вода), таа стапува во интеракција со социјалната средина. Прекумерното восхитување или завист од страна на заедницата ја нарушува внатрешната рамнотежа на младата невеста, што доведува до нејзино паѓање „на мека постеља“ (Шапкарев 1976: 70) и смрт. Согледано преку социоеколошка диоптрија, песната „Млада невеста умрела од уроци“ не е само раскажување за суеверие, туку длабока народна алегорија за тоа колку е кршлив човечкиот живот кога ќе се наруши рамнотежата меѓу поединецот, заедницата и природното опкружување. Песната, преку космолошкиот јазик, покажува дека човечкиот поглед, жедта за поседување и процена на нечија вредност можат да бидат смртоносни.

Младата невеста е олицетворение на Сонцето и на Природата во нејзиниот најчист облик. Нејзиното насилно разоткривање, по барање на кумовите, кои во свадбениот чин се хиерархиски надредени над сите други учесници и изложувањето на урокливите очи на сватовите, го прекинува животниот циклус, уште пред таа да успее да зачекори во новиот дом.

На крајот од ова толкување, поврзано со согледбите на Мурај Букчин, ќе го предочиме цитатот од неговата книга „Екологијата на слободата: појавата и распаѓањето на хиерархијата“ во кој експлицитно се посочува штетното влијание на хиерархијата врз општествениот и врз природниот развој: „Бидејќи хиерархијата

денес го загрозува опстанокот на општествениот живот, таа не може да остане општествен факт. Бидејќи го загрозува интегритетот на органската природа, таа нема да продолжи да постои, со оглед на суровата пресуда на 'немата' и 'слепата' природа" (Bookchin 1982: 37).

3.3. Балади со мотив на односи меѓу луѓето и митолошките суштества

Трет вид митолошки балади се песните, посветени на односите меѓу луѓето и митолошките суштества, какви што се ламјите, самовилите и наречниците. Од овој тип балади ќе се задржиме на јуначката песна: „Дете малечково и ламиа" од Зборникот на браќата Миладиновци, која ќе ја анализираме од еколошки аспект.

Песната започнува со разговор меѓу Сонцето и Месечината: „С'лце и месец ми се облогвее" (Миладиновци 1962: 78), во кој тие се претставени како антропоморфизирани суштества што разговараат меѓу себе и си поставуваат правила и време на дејствување во согласност со редот на природниот циклус. Централниот митолошки мотив е ламијата, која е претставена како суштество што го претвора природниот простор (патот што служи за движење и за поврзување меѓу луѓето) во опасно место: „Ми паднала на рамни п'тишта / Што поминвит куртилиа немат" (Миладиновци 1962: 79). Толкувани од еколошки аспект, овие стихови покажуваат еден традиционален начин на доживување на природата, во кои природата може да биде корисна, но истовремено и опасна и непредвидлива. Всушност, човекот не е господар на природниот простор и тој мора да се соочи со природните сили, коишто не може да ги контролира лесно.

„Детето малечково" презема задача што другите не можат да ја извршат. Тој ја убива ламијата: „Со сабија по грло ја сече / Со боздоган по срце ја парит" (Миладиновци 1962: 79). Овој дел може да се прочита како човечка борба против опасната природна или натприродна сила (ламјата). Во народната песна ламјата не е „заштитен вид" или дел од екосистемот, туку митолошко суштество што го загрозува човекот. Затоа, убиството на ламјата

во рамките на традиционалниот свет е претставено како јуначки подвиг, а не како уништување на природата.

Особено значаен е крајот на песната: „В дворје је злата јаболшница ... Што рожаше три злати јаболка. / Јаболшница дете ја откорна“ (Миладиновци 1962: 79). Ова е можеби најинтересниот момент за еколошка интерпретација. Јаболкницата е плодна: таа раѓа „три злати јаболка“, но детето ја откорнува од корен. Ако го погледнеме овој чин од перспектива на современата еколошка свест, ќе забележиме јасен контраст: човекот добива корист од природата, но истовремено ја уништува самата основа што го создава тоа богатство. Нејзиното „откорнување“ може да се толкува како симбол на човечката моќ над природата, но и како пример за неодржлив однос кон природните ресурси.

Од изнесеново ќе заклучиме дека баладата „Дете малечково и ламиа“ толкувана од еколошки аспект го претставува светот како простор во кој човекот е зависен од природата, но истовремено се обидува да ги совлада нејзините сили. Сонцето и Месечината го претставуваат природниот космички ред, ламијата ја претставува опасната и неконтролирана сила, а јаболкницата ја претставува плодноста и даровите на природата. Најзначајниот еколошки контраст се појавува во односот кон јаболкницата: таа создава плод, но човекот ја откорнува. Затоа, од современа перспектива, песната може да се прочита и како пример за антропоцентричен однос кон природата, како оној на Џон Пасмор изнесен во книгата „Човековата одговорност кон природата“, во која се вели: „светот на природата не поседува вредност сам по себе, туку тој е непроценливо скапоцен затоа што на луѓето им е важно тој да постои“ (Passmore 1974:13). Гледано од негова перспектива, природата е вреднувана според тоа што може да му даде на човекот или според тоа дали му претставува закана. Оттука, можеме да констатираме дека песната не сугерира модерна еколошка заштита, но ни овозможува да го разгледаме односот човек – природа во традиционалната народна култура и да го споредиме со денешното сфаќање за природата како систем што треба да се почитува и да се зачува.

3.4. Балади со мотив на метаморфози и задгробен живот

Посебен вид митолошки балади се оние во кои препознаваме одредени метаморфози на јунаците и тие најчесто се поврзани со љубовните страдања и со верувањата за задгробниот живот. Како што објаснува Ленка Татаровска во книгата „Метаморфозите во македонските народни умотворби“ „преобразбата е означена како последица од некоја причина или како отплаќање“ (Татаровска 2006: 9). Како пример за овие балади ќе ја посочиме песната „Бездушна Неда“, која уште со насловот укажува на поврзаноста со трагичен настан. Баладата може да се анализира и од еколошки аспект иако не е создадена како песна со директна еколошка порака.

На почетокот од баладата се споменува „ведро небо“ (Пенушлиски 1983: 180) над Нединиот двор, што создава впечаток на мирен и на хармоничен свет. Но, зад таа привидна хармонија се крие човечката себичност и злоба. Имено, Неда се заљубува во сопругот на својата сестра и ги труе неа и внуците (браќата Петко и Цветко). Овде особено е истакнат мотивот на отровот, кој може симболично да се поврзе со нарушувањето на природниот тек на нешата кој подразбира хармонични семејни односи и грижа за потомството.

Важен е и мотивот на градината каде се закопани децата, односно просторот, поврзан со животот, растењето и природата. И токму од тој простор тие повторно се појавуваат (трансформираат) како растенија. Оваа метаморфоза алудира на природниот циклус кога од земјата произлегува нов живот, односно браќата прво изникнуваат како „две стрчета ран босиљок“ (Пенушлиски 1983: 181). Босилекот во народните песни е растение поврзано со: мирис, свежина, убавина, оздравување и традицијата, па неговото појавување може да се сфати како знак дека животот продолжува и покрај смртта. Но, бездушната Неда, повторно ја уништува природата: „оскобала два стрчета / две стрчета ран босиљок“ (Пенушлиски 1983: 181) и ги фрла „на бунишче“, кое претставува простор на отпад и на отфрлање. Од еколошки аспект, овој момент ја нагласува човечката деструктивност и неодговорниот однос кон живиот

свет. Но, и таму браќата повторно изникнуваат, овојпат како „две борчета“ (Пенушлиски 1983: 181).

Борчињата се уште посилен симбол на природата и на нејзината неуништливост. Дрвото, уште познато во митологијата како космичко дрво (arbor mundi), претставува симбил за раст, долговечност и продолжување на животот. „Во перцепцијата на архаичниот човек“, како што наведува Јасминка Ристовска-Пиличкова, „тоа ја изразува космогониската претстава на универзумот на еден микрокосмички план“ (Ристовска-Пиличкова 2024:82). Поврзаноста на дрвото со космосот и со неговата неуништливост се потенцира и понатаму во песната со желбата на браќата да пораснат за да ѝ прават „тети сенка / лете сенка, зиме завет!“ (Пенушлиски 1983: 181). Така природата не само што опстојува, туку му служи на човекот обезбедувајќи му заштита, сенка и засолниште. Но, Неда и по трет пат интервенира „пресекла је две борчета“ (Пенушлиски 1983: 181), а потоа „навали и силен оѓен“ (Пенушлиски 1983: 181). Сечењето на дрвјата и палењето оган можат да се толкуваат како уништување на природните ресурси. Дрвото, наместо да расте и да обезбедува сенка и заштита е уништено и претворено во гориво. На тој начин човекот олицетворен во „бездушната Неда“ ја прекинува природната можност за раст и за продолжување на животот.

Сепак, дури и во огнот браќата размислуваат за својата тетка: „– Гори братко да гориме / да се греје наша тета!“ (Пенушлиски 1983: 181). Овоие стихови, погледнати од еколошка перспектива се особено трагични. Имено, иако е уништена природата, нејзината енергија повторно му користи на човекот – огнот што ги уништува борчињата истовремено обезбедува топлина. Преку овие стихови баладата ги покажува двете страни на човековиот однос кон природата, од една страна таа му обезбедува услови за живот, но од друга страна човекот продолжува да ја искористува и да ја уништува. Ваквиот однос се поврзува со сфаќањата од раната фаза на антропоцентричната етика (заснована на

деонтолошката етика на Имануел Кант[4]), во која растенијата и животните се само објекти или средства, кои немаат право на морално достоинство какво што го имаат субјектите (луѓето или во нашиот случај бездушната Неда), кои имаат свои себични цели (Baier 1984: 214–246).

4. Историски балади

Историските балади се посебна категорија балади, во чија тематско-сижетна основа се појавува некој вистинит настан или содржина со историска подлога. Од овој корпус на балади ја анализираме песната „Марко и Димна Гора“ која, од еколошки аспект може да се чита како текст во кој природата не е само декор, туку активен и чувствителен субјект. Димна Гора е персонифициран актант кој зборува со историскиот лик на Крале Марко и ја раскажува сопствената „болка“. Таа не е нем и пасивен простор, туку нешто сосем спротивно. Таа е живо суштество кое сочувствува со маките на луѓето и страда од минувањето на „три синџири младо робје“ (Миладиновци 1962: 212) бидејќи нивните нозе ја газат („под нозе ме изгазие“) (Миладиновци 1962: 212) и нивните солзи ја печат („Со с’лзи ме попарие“) (Миладиновци 1962: 212). Толкувани од екоетичка перспектива овие искази создаваат претстава за меѓусебната поврзаност на човекот и природата. Човечкото страдање остава трага врз природниот свет, а нарушувањето на природата повторно влијае врз човекот. Димна Гора, значи, функционира како морален сведок. Таа го насочува Крале Марко кон вистинскиот причинител на проблемот — клетите Турци, кои иако не се споменати во песната, сепак се препознаваат од историскиот контекст. Марковата реакција дополнително ја развива оваа идеја. Тој не ја уништува гората, туку ги ослободува луѓето од синџирите. Затоа, заклучуваме дека од современ екоетички аспект песната може да

[4] Новозеландската професорка по философија Анет Баир анализирајќи ги етичките ставови на Кант заклучува дека иако тој имал разбирање за должноста кон идните генерации, не ги променил сфаќањата за лошиот однос кон природата. За филозофијата на „моралот на Имануел Кант“ видете во неговото дело: *Zasnivanje metafizike morala*.1981. Beograd: BIGZ.

се толкува како приказна за ослободување на човекот и природата од неправедното присвојување, што произлегува од стиховите во кои се посочува ослободувањето на „младото робје. „Сè јунаци... посвршени ... Сè девојки прстенвати ... Сè вдоици с луди деца“ (Миладиновци 1962: 212). Споменувањето на „младото робје“, кое се наоѓа во својата репродуктивна фаза, упатува на констатацијата дека без него нема иднина за човечката раса. Оттука истакнуваме дека, иако баладата не е создадена како современа еколошка творба, таа може продуктивно да се чита преку екокритиката како текст што ја нагласува зависноста на човекот од природата и потребата природните ресурси да не бидат злоупотребени.

5. Семејно-битови балади

Семејно-битовите балади, како што упатува самиот назив по својата природа, се лирско-раскажувачки песни преку кои се искажуваат односите, настаните и чувствата меѓу членовите на семејството и нивниот народен начин на живот. Тие се делат на неколку групи: семејни балади, љубовни балади и балади со други мотиви.

5.1. Семејни балади

Од семејниот тип балади, како адекватен пример за претставување на односите меѓу членовите во фамилијата, анализирани од екокритичка перспектива, ја одбравме баладата „Јана кукавица“, во која повторно е прикажана природата како простор со кој човекот е тесно поврзан. Гората, дрвјата, камењата, реката Дунав, росата и птиците не се само декор, туку имаат важна улога во случувањата. Имено, сестрата Јана е замолена од болниот брат Стојан да оди по вода од „бел Дунав“ (Пенушлиски 1968: 117) за да донесе студена вода, која е претставена како лек, како нешто скапоцено и неопходно за животот и за здравјето на братот. Таа се согласува на тоа иако не го знае патот и минува низ гората, која е непредвидлив простор во кој човекот може лесно да се изгуби. Затоа таа го бележи дрвото и каменот со сопствената крв (преку која се симболизира големата пожртвуваност и љубов на девојката кон братот) за да

може да го најде патот за назад. Но, заросува ситна роса која ја менува судбината на Јана. Споменувањето на росата преку стиховите „нел зароси ситна роса / та си изми белешките / белешките црни крви“ (Пенушлиски 1968: 118) се поврзува со непредвидливоста на природата. Сега Јана самата се изложува на смртна опасност талкајќи три дена низ гората, барајќи го патот за дома. Нејзината беспомошност покажува дека човекот е зависен од природната средина и мора да ги познава нејзините тајни за да може безбедно да се движи низ неа. Од екокритичка перспектива ваквата поставеност на човекот кон другиот човек (на сестрата кон братот) и човекот кон природата нѐ асоцира на Тејлоровата биоцентрична етика, која претпоставува, како што нагласува тој „отелотворување на одреден основен морален став, кој го нарекувам почитување на природата“ (Taylor 1986: 80). Според верувањата на Тејлор, секое живо суштество поседува некоја особина, која го одредува специфичното добро на тоа суштество и според тоа, тоа заслужува да егзистира.

Меѓутоа, најсилниот биоцентричен мотив е даден на крајот од баладата кога Јана се моли на бога да стане „сино пиле кукавица“ (Пенушлиски 1968: 118). Таа повеќе не е само човек што се движи низ природата, туку станува дел од неа. Како птица, може да лета „по буките“ (Пенушлиски 1968: 118) и да го бара патот и својот брат. Песната ја претставува природата како: жива, моќна, неопходна за човечкот живот. Имено, водата му е потребна на болниот Стојан, шумата ѝ служи на Јана како патека и ориентир, а росата ја менува нејзината судбина. Особено значајна е метаморфозата на Јана во кукавица, преку која се создава силна врска меѓу човекот, животните и природата. Затоа, од еколошки аспект, песната може да се сфати како приказ на свет во кој човекот не е одвоен од природата, туку е нејзин составен дел.

5.2. Балади со љубовен мотив

Во рамките на семејно-битовите балади, како посебен вид се изделуваат баладите со љубовен мотив, кои се каракакатеризираат со различен тематски опфат почнувајќи од: несреќна љубов, недозволена љубов, попречувана љубов, присилна љубов, грабеж

на моми, неверна љубов, тестирање на љубовта и многу други ситуации поврзани со љубовниот живот. Баладата „Елен и кошута“ ја избравме како пример за попречувана љубов од страна на свекрвата (поради „грдоста“ на девојката), но и поради нејзината експлицитна поврзаност со природата како во самиот наслов, така и во целата песна. Во неа гората е прикажана како простор на слобода, мир и спас на двајцата љубовници, притиснати од традиционалното неодобрување на нивната љубов. Стојан и Тодора бегаат од човечкиот свет и избираат да живеат во природата, трансформирани во елен и кошута. Како што објаснува Л. Татаровска во книгата „Метаморфозите во македонските народни умотворби“: „Победоносните јунаци чија специфика е метаморфозата и на етички и на естетски план се определуваат за сопствената слобода бирајќи го секогаш доброто“ (Татаровска 2006:22). Со нивната метаморфоза во елен и во кошута: „Стојан си створи еленче, / Тодора створи кошута“ (Пенушлиски 1968: 116) човекот симболично станува дел од природата. За нив, гората претставува ослободување од општествените ограничувања и сигурност. Особено значајни се стиховите: „да пасем трева зелена / да ладим сенки дебели, да пием вода студена!“ (Пенушлиски 1968: 116). Преку овие стихови се издвојуваат трите основни природни ресурси: тревата – храна; сенката на дрвјата – заштита од сонцето и место за одмор; и водата – неопходна за животот. Наместо да ја користат природата само како ресурс, Стојан и Тодора живеат во согласност со неа.

Најсилниот еколошки конфликт се појавува кога мајка им и селаните дознаваат за еленот и кошутата: „Дочула ги је мајќа им / па стана мајќа па оjде / оддалек иде и вика .... Селање се задумаа, / да си идат по планина / да утепат еленче / и таја срна кошута“ (Пенушлиски 1968: 116–117). Овие стихови имплицираат јасна спротивност меѓу човекот и природата. Селаните ја гледаат природата од позиција на ловци, додека еленот и кошутата се борат да ја зачуваат својата слобода и живот. Селаните ги бркаат: „тераа ги три дни, три ноштиˮ (Пенушлиски 1968: 116), но не успеваат да ги најдат. Овој мотив може да се толкува како симболична победа на природата и дивиот свет над човековата

желба да го контролира и да го уништи. Еленот и кошутата успеваат да останат недофатливи, што ја нагласува нивната слобода и идеализиран живот во склад со природата онака како што биоцентричните екологисти ја идеализираат природната средина.

6. Семантички функции на природата во разгледуваните балади

Природата во македонските народни балади има повеќеслојни семантички функции. Нејзините елементи не се присутни само за да го определат местото или времето на дејството, туку активно учествуваат во градењето на значењето на песната. Сонцето, месечината, водата, гората, земјата, дрвјата, птиците и другите природни појави често добиваат преносни и симболички значења, преку кои се изразуваат човечките: чувства, судбини, верувања и односи кон светот. Во зависност од контекстот, природата може да има симболичка, претскажувачка, психолошка, митолошка и естетска функција.

6.1.Симболичка функција

Симболичката функција на природата се согледува во способноста природните елементи да изразат чувства, идеи и состојби што не се искажани директно. Во народните балади природата често зборува наместо човекот, односно преку неа се соопштува она што ликот не го кажува експлицитно. Сонцето, на пример, најчесто се поврзува со животот, светлината, силата и космичкиот поредок, додека месечината може да ги означува цикличноста, мистичноста и вечноста. Водата симболизира живот, прочистување и спас, што особено јасно се согледува во „Јана кукавица“, во која водата од Дунав е неопходна за спасување на болниот брат. Дрвото, пак, се поврзува со растењето, животот, долговечноста и заштитата, додека гората може да биде симбол на слободата, но и на непознатото и на опасното. Особено значајна е симболиката на растенијата во „Бездушна Неда“. Босилекот и борот се појавуваат како резултат на метаморфозата на мртвите деца, па природата станува симбол на обновувањето и на продолжувањето на животот по смртта.

Оттука, можеме да заклучиме дека природните елементи во баладите функционираат како своевиден симболички јазик преку кој се изразуваат: љубовта, страдањето, надежта, смртта, слободата и желбата за продолжување на животот.

6.2. Претскажувачка функција

Претскажувачката функција на природата се однесува на нејзината способност да најави или да навести одреден настан што ќе следува во блиска иднина. Природните појави во овој случај се јавуваат како своеобразни знаци кои на слушателот или на читателот му сугерираат дека ќе се случи нешто значајно, најчесто трагично или пак позитивно.

Во традиционалната народна култура природата не се доживувала како целосно одвоена од човечкиот свет. Напротив, природните појави се воспримале како знаци што можат да ја откријат или најават човечката судбина. Така, промените во природниот амбиент, појавувањето на: одредени животни, водата, росата, темнината или светлината можат да создадат чувство дека се приближува пресвртен момент. Во „Јана кукавица“, на пример, росата има активна улога во развојот на трагичниот настан бидејќи ги брише белешките со кои Јана го означила патот. На тој начин природната појава станува фактор што ја насочува судбината на ликот. Слично, во „Бездушна Неда“ мирното „ведро небо“ на почетокот создава привидна хармонија, која е во спротивност со трагичните настани што следуваат. Природниот амбиент, всушност може да функционира како предзнак, контраст или навестување на идниот развој на дејството. Оттука можеме да заклучиме дека претскажувачката функција произлегува од традиционалното верување дека човековиот свет и природниот свет се поврзани и дека промените во природата можат да бидат знак за промени во човечкиот живот.

6.3. Психолошка функција

Психолошката функција на природата се согледува преку нејзината способност да ја отслика внатрешната состојба на

ликовите. Во баладите природниот пејзаж често соодветствува со расположението на јунакот и на тој начин станува надворешна проекција на неговите чувства. Кога ликот е среќен, природата околу него може да биде претставена како светлина што грее, како пространо зеленило, или вода што носи живот и плодност, додека во ситуации на страдање, загуба или смрт, природниот простор може да добие мрачен, пуст или заканувачки карактер. На тој начин природата ја презема функцијата на своевидно огледало на човечката душа.

Во „Елен и кошута“ гората ја одразува желбата на Стојан и на Тодора да избегаат од притисокот на човечката заедница и да најдат слобода. Нивната метаморфоза во елен и во кошута ја открива психолошката врска со природата која произлегува од нивната внатрешна потреба за слобода и се изразува преку преминување од човечкиот во животинскиот свет. Во „Јана кукавица“, пак, непроодната гора и талкањето низ неа го засилуваат чувството на осаменост, беспомошност и неизвесност. На тој начин природниот простор станува визуелна и емоционална проекција на Јанината состојба. Оттука, можеме да изведеме заклучок дека природата не само што го опишува просторот во кој се наоѓа ликот, туку ја материјализира неговата внатрешна состојба и им дава видлива форма на невидливите чувства.

6.4. Митолошка функција

Митолошката функција на природата произлегува од нејзината поврзаност со старите словенски верувања засновани на паганските претстави за светот и пренесувани преку народната традиција. Преку митолошките балади овие стари претстави се зачувале и продолжиле да живеат во изменета форма како дел од културната меморија. Во нив се среќаваат низа натприродни сили и суштества, а природните појави често се персонифицираат и добиваат човечки особини. Така на пример, сонцето и месечината можат да разговараат, да се натпреваруваат и да воспоставуваат меѓусебни односи. Самовилите, ламјите, змејовите и другите митолошки суштества најчесто се поставени во простор во кој

границата меѓу природното и натприродното е многу помалку изразена отколку во современото рационално сфаќање.

Како пример ја наведуваме баладата „Дете малечково и ламиа“ каде сонцето и месечината се антропоморфизирани, додека ламијата ја претставува натприродната сила што го загрозува човекот. Овој начин на претставување упатува на архаичниот поглед на светот во кој природните и космичките сили имаат сопствена волја според која дејствуваат врз човечкиот живот. Според погоре изнесеното, можеме да заклучиме дека митолошката функција ја поврзува баладата со периодот во кој човекот преку митови и натприродни претстави се обидувал да ги објасни природните појави, животот, смртта и другите случувања што не можел да ги објасни по рационален пат.

6.5. Естетска функција

Естетската функција на природата се однесува на нејзината улога во збогатувањето на поетската слика, создавањето атмосфера и засилувањето на емотивноста на текстот. Природните мотиви му овозможуваат на народниот пејач, преку конкретни и визуелно впечатливи слики, да ги претстави настаните и чувствата на ликовите. Во народните балади сликите на зелена гора, студена вода, ведро небо, сонце, месечина, роса, дрвја, птици и плодови создаваат живописен поетски свет. Претставувањето на природата понекогаш придонесува и за контрастот меѓу убавината и трагедијата. Така, убавината на природниот простор може да биде спротивставена на човечкото страдање, со што трагичниот ефект станува уште посилен.

Во баладата „Бездушна Неда“, на пример, појавувањето на босилекот и борчињата создава впечатлива слика на природна убавина и повторно раѓање, но нивното континуирано уништување ја засилува трагичноста на песната. Во баладата „Елен и кошута“, зелената трева, студената вода и густата сенка ја создаваат сликата на идиличен природен простор во кој љубовниците ја бараат својата слобода. Следствено, природата во баладите не е само декоративен елемент. Нејзините слики ја создаваат емоционалната атмосфера на баладата, го засилуваат

контрастот меѓу животот и смртта, слободата и ограничувањето, убавината и страдањето, а со тоа придонесуваат за целокупната поетска вредност на народната песна.

7. Заклучок

Анализата на природата во македонските народни балади од еколошки и семантички аспект покажа дека природата во нив не е пасивна сцена, туку е активен и повеќезначен и функционален елемент, преку кој се изразуваат човечките чувства, верувања, морални вредности стравови и надежи. Во митолошките, историските и семејно-битовите балади таа најчесто е претставена како жив субјект: Сонцето и Месечината разговараат и се однесуваат како луѓе, Димна Гора ја чувствува болката на заробените, а растенијата и животните стануваат продолжение на човечкиот живот. Ваквата персонификација и метаморфоза сведочи за архаичен светоглед во кој човекот и природата припаѓаат на ист животен и космички поредок.

Од семантички аспект, природата има пет основни функции: симболичка бидејќи ги изразува чувствата и идеите што не се кажуваат директно, претскажувачка преку која најавува промени и трагични настани, психолошка затоа што ја отсликува внатрешната состојба на ликовите, митолошка која овозможува поврзување на баладите со старите верувања и естетска со што се создава атмосфера, поетска визуелност и емотивност. Еден ист елемент може да има повеќе, па дури и спротивставени значења: сонцето и месечината се поврзуваат со космичкиот поредок и времето, водата со животот и спасот, земјата со плодноста, смртта и повторното раѓање, гората со слободата, но и со опасноста, дрвото со растот и заштитата, птиците и животните со слободата и преобразбата, а огнот истовремено со топлината и уништувањето.

Еколошката анализа покажа дека традиционалниот однос кон природата не е еднозначен. Од една страна, баладите сведочат за силна свест за зависноста на човекот од водата, храната, дрвјата, земјата и природните циклуси. Од друга страна, откорнувањето на јаболкницата („Дете малечково и ламиа“),

сечењето и палењето на борчињата („Бездушна Неда“) и потерата по еленот и кошутата („Елен и кошута“) покажуваат дека човекот ја доживува природата и како ресурс, закана или нешто што треба да се совлада, што одговара на антропоцентричниот еколошки модел. Наспроти тоа, метаморфозите во птица, елен, кошута или растение упатуваат на суштинската поврзаност на сите живи суштества и на цикличноста на животот, а во „Марко и Димна Гора“ гората е морален сведок што страда заедно со луѓето и ги памети последиците од нивните постапки.

Македонските народни балади не се еколошки текстови во современа смисла, бидејќи настанале во сосема различен историски и културен контекст. Сепак, читањето низ концептите на социјалната екологија, антропоцентризмот и биоцентризмот овозможува во нив да се препознаат ставови, дилеми и прашања значајни и за современата еколошка мисла како што се: зависноста на човекот од природната средина, границите на неговата моќ, последиците од нарушувањето на природниот поредок и прашањето дали природата има вредност сама по себе или само според користа за човекот.

Природата во македонските народни балади е истовремено мајка и закана, простор на слобода и на опасност, извор на живот и жртва на човечката деструктивност. Токму оваа повеќеслојност ја прави еден од клучните носители на нивната поетика, семантика и светоглед и покажува дека во традиционалната култура природата отсекогаш била неразделен дел од човечкиот живот и уметност.

Литература на кирилица:

Гусев, Виктор Евгеньевич. 1967. *Эстетика фольклора.* Изд-во Наука: Ленинградское отд-ние.[Gusev, Viktor Evgenievich. 1967. *Aesthetics of Folklore. Nauka: Leningrad.*] (In Russian)

Миладиновци. 1962. *Зборник (1861-1961).* Кочо Рацин: Скопје. [Miladinovci. 1962. *Collection of folk songs (1861-1961)*. Koco Racin: Skopje] (In Macedonian)

Мојсиева-Гушева Јасмина. 2000. „Поглед и моќ“. *Лице и опачина*. ИМЛ: Скопје.[Mojsieva-Gusheva Јасмина. 2000. „Gaze and Power“. *Face and Reverse*. IML: Skopje.] (In Macedonian)

Обредни митолошки песни. 1968. (Избор и редакција Пенушлиски Кирил). Македонска книга: Скопје. [*Ritual mythological poems*. 1968. (Selection and editing Penushliski Kirill). Macedonian book: Skopje.](In Macedonian)

Пенушлиски Кирил. 1983. *Македонски народни балади*. Македонска книга: Скопје.[Penushliski, Kiril. 1983. Macedonian Folk Ballads. Makedonska Kniga: Skopje.] (In Macedonian)

Ристовска-Пиличкова, Јасминка. 2024. „Arbor mundi-axis mundi“. *Екоантропологија: помеѓу човекот и околината*. Институт за фолклор „Марко Цепенков“: Скопје.[Ristovska-Piličkova, Jasminka. 2024. “Arbor mundi–axis mundi.” Ecoanthropology: Between Humans and the Environment. Marko Cepenkov Institute of Folklore: Skopje.] (In Macedonian)

Татаровска, Ленка. 2006. *Метаморфозите во македонските народни умотворби*. Менора: Скопје. [Tatarovska, Lenka. 2006. The Metamorphoses in Macedonian Folk Literature. Menora: Skopje. (In Macedonian)

Шапкарев Кузман. 1976. *Избрани дела том. 3*. (приредил Томе Саздов). Мисла: Скопје.[Šapkarev, Kuzman. 1976. Selected Works, Vol. 3. (Edited by Tome Sazdov). Misla: Skopje.] (In Macedonian).

Литература на латиница:

Baier, Annett. 1984. "For the Sake of Future Generations", in *Earthbound: New Itroductory Essays in Environmental Ethics*. ed. Tom Regan. New York: Random House.

Bookchin, Murray. 1982. *The Ecology of Freedom: The Emergence and Dissolution of Hierarchy*. Palo Alto, California: Cheshire Books.

Passmore, John.1974. "Man’s Responsibility for the Nature". *Ecological Problems and Western Tradition*. New York: Scribner.

Taylor Paul. 1986. *Respect for Nature: A Theory of Environmental Ethics.* Princeton: Princeton. Prinston University Press.